Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 88, 15 септември 2012 година

септември 2012 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област ентомологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научното поле/област клиничка медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Литературата за пијано во романтизмот“ од авторот доцент м-р Емилија Потевска, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 15

**РЕЦЕНЗИЈА** за ракописот скрипта „Анализа и интерпретациски проблеми при камерното музицирање во квинтетот за обоа и гудачи од арнолд бакс“ од доц. м-р Владимир Лазаревски, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 18

**РЕЦЕНЗИЈА** за ракописот со наслов „Наратологија“ од авторот доц. д-р Ранко Младеноски, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 21

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ЛИТЕРАТУРАТА ЗА ПИЈАНО ВО РОМАНТИЗМОТ“ ОД АВТОРОТ ДОЦЕНТ М-Р ЕМИЛИЈА ПОТЕВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и Одлуката бр.0402-95/15 на Наставно-научниот и уметничкиот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, одржана на 16 август 2012 год., се избрани рецензентите:

- вон. проф. м-р Татјана Џорлева, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Факултет за музичка уметност;
- доц. м-р Ангеле Михајловски, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Факултет за музичка уметност

за изготвување на извештај – рецензија за приложениот ракопис за е-скрипта со наслов „Литературата за пијано во романтизмот“ од авторот доц. м-р Емилија Потевска, наменет за студентите од прв циклус на додипломски студии на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип на Вокално-инструменталниот оддел.

По прегледот на ракописот, рецензентите до Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот за е-скрипта со наслов „Литературата за пијано во романтизмот“ од авторот доц. м-р Емилија Потевска е материјал компатибилен со Наставниот план и содржините на предметот Пијано 7, кој се изучува на Вокално-инструменталниот оддел, насока Пијано, на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип на прв циклус додипломски студии во VII семестар, со фонд на часови 2+2+2 и број на кредити 8.

Ракописот е напишан во А4 формат, фонт Arial и големина 12. Текстот содржи 6 табели/ листи на комплетната литература за пијано на шест најзначајни композитори од романтизмот, 9 фотографии и 6 манускрипти – оригинални ракописи на композитори. Материјалот е подготвен според пропишаната наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите во рамките на овој предмет, а се однесуваат на подготовката на теоретскиот дел од овој предмет.

Приложениот ракопис е концизно учебно помагало, кое во целост ја опфаќа напишаната литература за пијано од најистакнатите композитори во романтизмот, кои се главните делови во репертоарот за изведба при изучување на предметот Пијано 7.

Во воведниот дел авторот ја истакнува важноста на пијанистичката литература од романтизмот како неопходен дел од репертоарот на пијанистот-изведувач. Во воведниот текст се наведуваат главните пијанистички техники содржани во оваа литература, но и главните карактеристики на музиката од романтизмот, како и уметничко-интерпретациските побарувања на композиторот за соодведтна изведба на истите.

Во фокусот на овој ракопис се наоѓаат седум најистакнати претставници од овој музички период кои авторот ги издвојува во шест различни поглавја, и тоа:

1. Франц Шуберт;
2. Феликс Менделсон;
3. Роберт Шуман;
4. Фредерик Шопен;
5. Франц Лист;
6. Јоханес Брамс.

Секое поглавје содржи биографски информации за композиторот, со посебен осврт на периодите на творештвото на музиката за пијано. Како пот-точки во секое поглавје се јавуваат:

– Стилот на композиторот – неговите карактеристики и побарувања од изведувачите, како и уметничките влијанија од периодот во кој живеел и творел;
– Композиции за пијано – податоци за создавањето на одредени композиции, пијанистички техники содржани во истите, начин на систаматизација и класификација, различни едиции на нотни текстови од минатото до денес;
– Табела на композиции за соло пијано – листа на целосната литература за пијано од композиторот, подредна хронолошки според датумот на создавање. Секоја табела го содржи името на композицијата, како и опусот и бројот според кои се нумерирани во денешната литература.

Како прилог во секое поглавје се наоѓаат и фотографии од композиторите, автографи – извадоци од нивните оригинални нотни ракописи.

Ракописот е стручно и научно конципиран и е напишан на разбирлив јазик за студентите на Факултетот за музичка уметност. Квалитетот, прегледноста и естетиката, јасната систематизација на табелите со литературата за пијано од композиторите, како и големиот број на фотографии и нотни примери, даваат можност за успешно следење и подготвување на теоретскиот дел од испитот Пијано 7.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата го предлага следниот

**З А К Л У Ч О К**

Предложениот ракопис преставува извонредна основа за подготовка на студентите на Факултетот за музичка уметност за одговор на теоретските барања на предметот Пијано 7. Ракописот „Литературата за пијано во романтизмот" од авторот доц. м-р Емилија Потевска е ракопис кој стручно и научно е соодветно конципиран. Разработените содржини се во согласност со наставниот план на предметот Познавање на клавирската литература на Факултетот за музичка уметност за студентите од Вокално-инструменталниот оддел – Пијано.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на скрипта пропишани според Правилникот за единствени основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**Рецензентската комисија предлага скриптата со наслов „Литературата за пијано во романтизмот" од авторот доц. м-р Емилија Потевска да биде објавена како електронска скрипта за потребите на студентите на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Вон. проф. м-р Татјана Џорлева, с.р.**
**Доц. м-р Ангеле Михајловски, с.р.**